**Известување за концентрација со која смартселер ГмбХ унд Цо.КГ, Германија и Флугхафен Нирнберг Сервис Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг, Германија стекнуваат заедничка контрола над Смартселер Флугхафен Нирнберг ГмбХ, Германија (предмет бр. 08-156/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 25.10.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвата смартселер ГмбХ унд Цо.КГ („смартселер“) со регистрирано седиште на Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија и Флугхафен Нирнберг Сервис Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг („ФНСГ“) со регистрирано седиште на Флугхафенштр 100, 90411 Нирнберг, Германија, стекнуваат заедничка контрола над Смартселер Флугхафен Нирнберг ГмбХ („смартселер ФН“) со регистрирано седиште на Флугхафенштр. 100, 90411 Нирнберг, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Пријавената концентрацијата се однесува на создавањето на целосно функционално заедничко вложување - смартселер ФН, од страна на смартселер и ФНСГ, над кое истите ќе имаат заедничка контрола.

ФНСГ ќе го пренесе на смартселер ФН својот тековен бизнис на управување на дјути фри продавници на аеродромот во Нирнберг, Германија и смартселер ќе пренесе одредени права на интелектуална сопственост како и know-how во однос на работењето на дјути фри  продавници и обезбедување на услуги поврзани со храна врз основа на конценсија во заедничкото вложување.

**смартселер**, под неговиот бренд „целосно ваши“, управува со дјути фри продавници/продавници при патување и обезбедува услуги за храна со концесија на аеродромите во Минстер/Оснабрик, Лајпциг/Хале, Германија и Љубљана, Словенија. смартселер е под заедничка контрола на ГХ и Ориор АГ (100% индиректно преку зависното друштво кф).

смартселер не е активен во Република Северна Македонија. Единствено, владејачкото друштво на смартселер – ГХ е активно во Република Северна Македонија.

<u>ГХ</u> е фамилијарен бизнис во Хамбург кој управува со дјути фри продавници/продавници при патување на аеродроми, пристаништа и граничните премини ширум светот.

ГХ има регистрирано присуство и има остварено приходи во Република Северна Македонија во 2022 година преку големопродажба на стоки за патување на мало.

<u>Ориор</u> претставува групација за храна и пијалоци од Швајцарија за производство на свежа храна, рафинирани специјалитети од месо и органски сокови од зеленчук и овошје.

Ориор нема регистрирано присуство и нема остварено приходи во Република Северна Македонија.

<u>кф</u> е 100% индиректно зависно друштво на Ориор и управува со мобилни и стационарни угостителски објекти (од кои одреден број носат и стоки за погодност и патување) на аеродромите и железничките станици, со фокус на транспортот и патничката гастрономија.

**ФНСГ** е 100% зависно друштво на ФНГ, оператор на аеродромот во Нирнберг, Германија. ФНСГ е зависно друштво одговорно за работењето на продавниците, постоечките дјути фри продавници како и паркингот на аеродромот.

ФНСГ нема регистрирано присуство и нема остварено приходи во Република Северна Македонија во 2022 година.

Подносителот смета дека **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар на услуги за продажба на мало при патување (продажба на мало при патување) на Локации за патување и услуги поврзани со храна врз основа на концесија на Локации за патување
Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да се дефинира најмалку како Европската економска област („ЕЕО“) или на светско ниво.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

30.10.2023 година, Скопје